SWIS-H
STATEWIDE INFANT SCREENING - HEARING

# ЗОШТО НА МОЕТО БЕБЕ МУ Е ПОТРЕБНА ДИЈАГНОСТИЧКА ПРОВЕРКА НА СЛУХОТ?



Ако резултатите од првите две проверки на слухот на вашето бебе не се јасни, тогаш ќе треба да се направи дијагностичка проверка на слухот.

Може да има повеќе причини за тоа.

Можеби:

- после раѓањето, во увото на вашето бебе имало течност или тоа било затнато
- вашето бебе има одреден степен на оштетен слух

Важно е колку што е можно побрзо да се утврди колку добро слуша вашето бебе така да вие и вашето бебе да можете да добиете правилни информации и поддршка.

Ако живеете повеќе од 100 км од болницата во која ве упатиле, прашајте го лицето кое ви ја даде оваа брошура за информации во врска со Програмата за помош при патување преку SWIS-H (SWIS-H Travel Assistance Scheme).

## ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ПРИ ДИЈАГНОСТИЧКАТА ПРОВЕРКА?

Ќе се направат повеќе тестови за да се добијат детални информации за слухот на вашето бебе.

Тестовите ќе ги направи аудиолог, кој е специјалист за проверка на слухот. Проверката е бесплатна.

Ниту една проверка нема да го повреди вашето бебе.

## КАКО ДА ГО ПОДГОТВАМ МОЕТО БЕБЕ ЗА ПРОВЕРКАТА?

Најдобро е вашето бебе да спие додека ги прават тестовите. Затоа, добро ќе биде да дојдете малку порано за да имате време да го нахраните и да го заспиете вашето бебе.

Ако имате други деца, ве молиме организирајте некој друг да ги чува дома, за да можете да бидете со вашето бебе во текот на проверката. Средината мора да биде тивка.

Бидејќи дијагностичката проверка вклучува повеќе тестови, треба да одвоите доволно време претпладне или попладне во зависност од тоа кога е закажана проверката. Можеби ќе сакате да ве придружува некој друг за поддршка.

## КАКО СЕ ПРАВИ ДИЈАГНОСТИЧКАТА ПРОВЕРКА?

Оваа дијагностичка проверка е позната како Тест за аудитивен одговор на мозочното стебло (Auditory Brainstem Response (ABR)). На главата на бебето ќе му стават сензори, слични на оние што се користат при проверката на слух. На бебето ќе му пуштаат звуци преку слушалки. Ќе се заведат реакциите на бебето на звуците. Овие реакции покажуваат кои се најтивките звуци што може да ги слушне вашето бебе.

## ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ ПОСЛЕ ПРОВЕРКАТА?

Обично, истиот ден аудиологот ќе може да ви ги каже резултатите и да ви објасни што значат тие.

Ако се открие дека вашето бебе има оштетен слух, ќе ви дадат упат за специјалист во една од трите болници за деца во Нов Јужен Велс. На специјалистот ќе му испратат извештај. Примерок од извештајот ќе ви испратат вам, на вашиот локален доктор и педијатарот на вашето бебе, ако дадете дозвола за тоа. Аудиологот и социјален работник ќе ви помогнат да ги добиете услугите и подршката што можеби ви се потребни вам и на вашето бебе.

Ако се утврди дека вашето бебе има нормален слух, меѓутоа подоцна станете загрижени за слухот, развојот на говорот или јазикот на вашето дете, ве молиме организирајте повторна проверка на слухот.

За почеток, добро би било да зборувате со вашиот семеен доктор.

Слухот може да се проверува на секоја возраст.

### ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ, ВЕ МОЛИМЕ ОТИДЕТЕ НА ДОЛУНАВЕДЕНИТЕ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ:

http://www.health.nsw.gov.au/kids-families

Податоци за локални контактни броеви / закажани прегледи

За совети во врска со здравјето, контактирајте ги во *healthdirect Australia*
http://www.healthdirect.gov.au/
**1800 022 222**

NSW GOVERNMENT | Health

© NSW Health September 2016 SHPN (NKF) 150230